# КВАРТАЛЕН ИНФОГРАФИК

## за постапувањето на КСЗД за заштитата од дискриминација на жените од маргинализираните заедници

Мониторингот за постапувањето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) во однос на заштита од дискрминација на жени од маргиниализирани заедници беше спроведен во рамки на проектот „Еднаквост сега - Зајакнување на маргинализираните заедници за социјална инклузија и недискриминација“. Проектот го спроведува Хелсиншкиот комитет за човекови права во партнерство со ХОПС - Опции за здрав живот Скопје и Коалиција Маргини. Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

**Период на следење**
**01.10.2025 до 31.12.2025**

*Во периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година КСЗД утврдила дискриминација во 13 случаи по претставки поднесени од жени со место на живеење во општините од Скопкси плански регион. Седум од нив се по претставки поднесени во 2024 година, чија постапка и одлучување завршило во 2025 година, останатите 6 се претставки поднесени и завршени во 2025 година.

*Четири од наведените 13 мислења се однесуваат на дискриминација врз деца на подносителките, а ниту еден случај не се однесува на дискриминација врз жени припаднички на некоја од маргинализираните заедници.

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА · ХОПС ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ · Коалиција МАРГИНИ · CIVICA MOBILITAS · Schweizerische Eidgenossenschaft / Confédération suisse / Confederazione Svizzera / Confederaziun svizra · Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Цивика мобилитас е проект на Владата на Швајцарија, кој го спроведуваат МЦМС, НИРАС и ФЦГ. Мислењата кои се изразени овде не нужно ги одразуваат ставовите на Швајцарската Влада, Цивика мобилитас или организациите што ја спроведуваат.

| | |
|---|---|
| Вкупен број на претставки поднесени пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација | Во периодот на следење пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се поднесени **131** претставки за дискриминација |
| Број на претставки поднесени од страна на жени | Од вкупно 89 поднесени претставки во периодот на следење **49** се поднесени од страна на жени (од нив 10 се поднесени во име на дете на подносител и 2 во име на други лица) |
| Претставки поднесени од жени припаднички на некоја од маргинализираните заедници (жени од руралните средини, жени од ЛГБТИ заедницата, жени кои употребуваат дроги, сексуални работнички, осуденички, бездомнички) | **2** претставки се поднесени од страна на жени со место на живеење во рурална средина |
| Број на претставки поднесени од жени од Скопскиот плански регион | **23** претставки се поднесени од жени со место на живеење во општините од Скопскиот плански регион. |
| Начин на поднесување на претставките (онлајн или на конвенционален начин) | **31** претставка се поднесени онлајн (електронска претставка преку веб страницата на Комисијата или на поднесок испратен на е-пошта на Комисијата)<br>**18** претставки се поднесени на конвенционален начин (пошта или директно во просториите на Комисијата) |
| Број на отфрлени претставки поднесени од страна на жени | Во извештајниот период Комисијата донела 15 заклучоци за отфрлање на претставка и 1 заклучок за запирање на постапката поради тековна судска постапка за дискриминација. Ниту една од овие претставки не се однесува на жени припаднички на некоја од маргинализираните заедници |
| Број на отфрлени претставки од жени припаднички на маргинализираните заедници | Во извештајниот период Комисијата нема отфрлено претставки поднесени од жени припаднички на маргинализираните заедници, односно жени од рурални средини |
| Број на претставки поднесени од жени во кои Комисијата утврдила дискриминација/ интерсекциска дискриминација | Од претставките поднесени во извештајниот период од 01.04.2025 до 30.06.2025 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација нема донесено мислење со кое се утврдува дискриминација |

online post